ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Датум: 10.12.2013

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## За учество на ФЗОМ на Вториот здравствен самит организириан од меѓународниот проект Хелтгрупер

„Кога е фер да се каже не", односно одлучувањето во распределбата на средствата во здравствените системи и поставувањето на приоритети, беше темата на Вториот здравствен самит, организиран од меѓународниот проект Хелтгрупер, што се одржа на 7 овој месец во Скопје. На овогодишниот самит активно учествуваше и Фондот за здравствено осигурување со презентација на директорката м-р Маја Парнарџиева Змејкова на тема „Распределбата на средствата во системот на здравствено осигурување во Република Македонија".

Парарџиева-Змејкова на почетокот се осврна на македонскиот здравствен систем и на расположливите средства во системот, како и на начинот, методите и дилемите при распределбата на средствата. Потоа беа презентирани и мерките што се преземаат  за подобрување на ефикасноста во искористувањето на средствата.

Главните пораки од излагањето на Парнарџиева-Змејкова се:

- Потребен е напор од сите чинители за да се обезбедат повеќе услгуги за средствата од оние со кои веќе располагаме;
- Со континуираното преземање на мерки од страна на институциите, Македонија бележи подобрување на системот во однос на ECHI (European Health Consumer Index), односно од 30 место во 2012 година, оваа година Македонија се наоѓа за три места погоре:
- Фокусот мора да се стави на превенцијата, за што Владата и ФЗОМ преземаат голем број  мерки.

На овогодишниот самит учествуваа претставници на официјални институции од Бугарија, Србија и Албанија. Целта на Хелтгрупер е самитот  да прерасне во

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

традиционален и врвен настан во областа на креирање на здравствените политики во регионот на источна Европа.

